Четиринаесет жени од Ростуше, Јанче, Требиште, Слупчане, Оризаре и Ваксинце, во август оваа година, започнаа со обука низ работа преку која ќе стекнат вештини за работа во угостителството и трговијата.



За Алмедина од Јанче ова е прво работно искуство. Вели дека првите неколку дена ѝ биле тешки, дури размислувала да се откаже, но како поминувале деновите, станувало сè поинтересно. Почнала да се интересира и за другите дејности на претпријатието во кое е ангажирана и секој ден сè повеќе учела. Благодарение на ова искуство, таа е заинтересирана и подготвена да учествува и на други курсеви и обуки.

Во јули започнаа ангажманите на жените од тетовските и скопските општини , а во следниот период уште 80 жени корисници на програмата „ Оспособување на жените погодени од конфликтот " (ОЖП) ќе бидат ангажирани во локалните претпријатија на подрачјето на седумте општини во кои се спроведува програмата. Обуката низ работа трае три месеци. Жените и претпријатијата беа идентификувани пролетта преку студијата за потребата и понудата на работна сила. Приоритет имаат жените од семејствата погодени од конфликтот или пак кои се во понеповолна социјална положба.



ОЖП е финансиран проект од Европската Унија во рамките на 4-та компонента на Инструментот за претпристапна помош (ИПА), а ко-финансиран од МЦМС, кој се спроведува во партнерство со Флоренс Најтингел од Куманово, Инцијатива за европска перспектива од Скопје и Рекански бисер од Маврово и Ростуша. Целта на ОЖП е поддршка на пристапот на жените од регионите погодени од конфликтот до пазарот на трудот.